ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
С К О П Ј Е ц.о.
NDËRMARRJA QARKULLUESE PUBLIKE "SHKUP" p.p.
Бр. 02-303/6
15 -03- 2021 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ - СКОПЈЕ

# ЈСП СКОПЈЕ

## СТАТУТ НА ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ-СКОПЈЕ

март 2021 година

1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ....................3

2. ФИРМА И СЕДИШТЕ....................4

3. ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ....................4

4. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ....................5

5. ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО....................5

6. ОРГАНИЗАИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО....................6

7. ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО....................7

7.1. Управен одбор....................7
7.2. Директор....................9
7.3. Надзорен одбор....................10

8. РАКОВОДНИ СЛУЖБЕНИЦИ....................11

9. ПОМОШНИ ОРГАНИ И ТЕЛА....................11

10. ОПШТИ АКТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО....................12

11. РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО....................12

11.1. Имот и средства на претпријатието....................12

11.2. Програма за работа и развој на претпријатието....................13

12. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО....................13

13. ДЕЛОВНА ТАЈНА....................13

14. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ....................14

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 и член 29 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Управниот одбор на Јавното сообраќајно претпријатие „СКОПЈЕ“ на 43 та седница одржана на 15.03.2021 година донесе

**СТАТУТ**
на Јавното сообраќајно претпријатие „СКОПЈЕ“

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со статутот на Јавното сообраќајно претпријатие „СКОПЈЕ“, поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето со Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на Јавното претпријатие.

Член 2

Градот Скопје е основач и сопственик на Јавното сообраќајно претпријатие и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од закон и другите прописи.

Член 3

Јавното сообраќајно претпријатие „СКОПЈЕ“ (во понатамошниот текст: „претпријатието“) се основа за вршење на дејност од јавен интерес.

Член 4

Претпријатието е основано со Решение бр.18367 од 11.07.1947 година на Извршниот народен одбор на град Скопје и регистрирано на 17.01.1948 година под името: „Градско автобуско сообраќајно претпријатие“.

Претпријатието со Одлука бр.08-4593/1 од 05.12.1989 година на Собранието на град Скопје е организирано во Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ Ц.О. –СКОПЈЕ, како правен следбеник на Работната организација за Градски сообраќај „СКОПЈЕ“ и е запишана во судскиот регистар на Основен суд СКОПЈЕ 1 бр.Серг. бр.2263/89 од 29.12.1989 година и усогласено со Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96) со решение трег.бр.15604/99.

Член 5

Во работењето на претпријатието, службени јазици се македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и албанскиот јазик и неговото писмо, како јазик и писмо што го користат граѓаните како припадници на заедницата која со над 20% учествува во вкупниот број жители на град Скопје.

Член 6

При вработувањето во претпријатието, задолжително се применуваат критериумите и принципите со кои се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

## 2. ФИРМА И СЕДИШТЕ

Член 7

Називот на фирмата на претпријатието гласи:

„Јавно сообраќајно претпријатие „СКОПЈЕ" со целосна одговорност – СКОПЈЕ

Ndërmarrja qarkulluese publike „SHKUP") me përgjegjësi të plotë – Shkup".

Скратениот назив на фирмата на претпријатието гласи:

„ЈСП „СКОПЈЕ".

NQP „Shkup"".

Член 8

Седиштето на претпријатието е во Скопје, на бул. „Александар Македонски" бр.10.

За промена на називот на фирмата и седиштето на претпријатието одлучува Управниот одбор на претпријатието по претходно добиена согласност на Основачот.

## 3. ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ

Член 9

Во своето работење претпријатието употребува печат и штембил.

Печатот има форма на круг, со пречник од 40 мм, во кој во горниот дел е впишан текстот: Јавно сообраќајно претпријатие „СКОПЈЕ", а во долниот дел е впишан текстот: Ndërmarrja qarkulluese publike „SHKUP".

Претпријатието користи и мал печат во форма на круг, со пречник од 30 мм, во кој е впишан скратениот назив на фирмата (на македонски и албански).

Секој печат содржи реден број под кој е издаден.

Член 10

Претпријатието има штембил во правоаголна форма со димензии 60 мм должина и 30 мм ширина и на него е впишан текстот:

Јавно сообраќајно претпријатие „СКОПЈЕ"
Ndërmarrja qarkulluese publike „SHKUP"
број/numri ________________
датум/data________________
СКОПЈЕ/SHKUP

Член 11

Претпријатието има амблем во чија средина е втиснат грбот на град Скопје, над грбот се внесени буквите ЈСП „СКОПЈЕ", а под нив се внесени буквите NQP „SHKUP".

Изгледот на амблемот е следниот:

ЈСП „СКОПЈЕ"
NQP „SHKUP"

Член 12

Начинот на употребата, ракувањето и чувањето на печатот и штембилот на претпријатието се регулира со акт донесен од директорот согласно закон.

## 4. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Член 13

Во рамките на своите овластувања, претпријатието го застапува и претставува директорот на претпријатието.

Директорот на претпријатието може, преку писмено полномошно, да овласти друго лице да го застапува и претставува претпријатието.

Содржината и обемот на овластувањето од претходниот став го определува директорот на претпријатието.

## 5. ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 14

Претпријатието е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на јавниот превоз на патници.

Член 15

Во правниот промет и во односите со трети лица, претпријатието настапува во свое име и за своја сметка, само во рамките на дејноста која е запишана во регистарот.

За обврските кон трети лица превземени во свое име и за своја сметка, претпријатието одговара со целиот имот.

Член 16

Основна дејност на претпријатието е:

49.31 Градски и приградски патнички копнен транспорт.

Покрај основната дејност, претпријатието врши и други дејности во согласност со закон и тоа:

29.20 Производство на каросерии за моторни возила, приколки и полуприколки,

45.20 Одржување и поправка на моторни возила,

49.39 Друг патнички копнен транспорт, неспомнат на друго место,

63.11 Обработка на податоци, хостирање и слични дејности,

68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот со надомест или врз база на договор,

69.10 Правни работи,

69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување,

73.11 Агенција за маркетинг,

77.1 Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на моторни возила.

Претпријатието може да врши и други споредни дејности според НКД.

Член 17

За остварување на својата дејност претпријатието ги врши следните активности:

- Инвестиционо и тековно одржување на автобуси и други моторни возила,
- Планирање, изработка и следење на реализација на возниот ред во јавниот градски и приградски превоз на патници (ЈГППП),
- Развој на ЈГППП,
- продажба и дистрибуција на билети,
- Следење и контрола на одвивањето на јавниот превоз во градот,
- Контрола на возниот персонал и патници,
- Одржување на автобуските стојалишта.

Член 18

Претпријатието дејноста од јавен интерес ја врши континуирано и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна, во согласност со закон, овој статут и другите прописи со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејноста од јавен интерес.

Претпријатието е должно да обезбеди техничко-технолошко единство на јавниот градски и приградски превоз на патници во град Скопје и јавност и транспарентност во финансиските односи во своето материјално–финансиско работење, согласно закон, овој статут и меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.

## 6. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 19

Претпријатието, во вршењето на дејноста од јавен интерес, се организира на начин со кој се обезбедува единственост, ефикасност и максимален успех во процесот на работење.

Дејноста на претпријатието се организира во рамките на организациските единици, според однапред утврдена програма и план.

Претпријатието го сочинуваат следните основни организациски единици:

- Самостојни одделенија:
  - 01. Одделение за управување со човечки ресурси;
  - 02. Одделение за поддршка и администрирање на ИТ системи;
  - 03. Одделение за внатрешна контрола за безбедност во сообраќајот;
  - 04. Одделение за инфраструктура и управување и одржување на жичара и милениумски крст;
  - 05. Одделение за обезбедување и ПП заштита.
  - 06. Одделение за внатрешна ревизија

- Сектори:
  1. Сектор за поддршка на директорот;
  2. Сектор автобаза Автокоманда;
  3. Сектор автобаза Ѓорче Петров;
  4. Сектор за сообраќај;
  5. Сектор за финансиско работење;
  6. Сектор за правни и општи работи;
  7. Сектор за јавни набавки;
  8. Сектор за продажба;

Организациските единици од став 3 на овој член преставуваат макро целини и се основни делови на процесот на работењето, со што се обезбедува целисходно и синхронизирано извршување на сите работни задачи во претпријатието.

Во рамките на организациските единици од став 3 на овој член во зависност од техничко-технолошките карактеристики на процесот на работа се организираат микро организациски единици (одделенија, оддели).

Член 20

Со организациските единици од член 19 став 3 раководат раководни службеници со посебни овластувања и одговорности кои ги избира директорот на претпријатието по постапка утврдена со закон.

Називот на раководните службеници од став 1 на овој член се определува со Правилникот за внатрешна организација на претпријатието.

Член 21

Внатрешната организација на претпријатието детално се уредува со Правилникот за внатрешната организација на претпријатието.

Член 22

Основање на нови организациони единици, спојување, укинување или поделба на постојните се врши со одлука за изменување и дополнување на статутот што ја донесува Управниот одбор на претпријатието во согласност со програмата за работа и потребите на дејноста на претпријатието.

## 7. ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 23

Органи на претпријатието се :

- Управен одбор,
- Директор и
- Надзорен одбор

### 7.1. Управен одбор

Член 24

Орган на управување на претпријатието е Управниот одбор.

Членовите на Управниот одбор ги именува, односно разрешува основачот на претпријатието.

Член 25

Бројот и составот на Управниот одбор го утврдува основачот со решение за именување на членови на Управниот одбор.

За членови на Управниот одбор се именуваат претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на јавниот патен транспорт, имајќи ја во предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

Мандатот на членовите на Управниот одбор не може да биде подолг од четири години.

Член 26

Управниот одбор има претседател кој се бира од редот на своите членови.

Претседателот на Управниот одбор:

- го претставува Управниот одбор,
- ги свикува и раководи со седниците на Управниот одбор,
- ги потпишува актите на Управниот одбор,
- се грижи за извршување на актите на Управнот одбор,
- врши и други работи определени со закон, овој статут и деловникот за работа на Управниот одбор.

Член 27

Управниот одбор на претпријатието ги има следните овластувања:

- го донесува статутот и статутарните одлуки,
- ја усвојува програмата за работа и развој,
- ја донесува годишната инвестициона програма,
- ја утврдува деловната политика,
- ја усвојува годишната сметка и извештајот за работата,
- одлучува за употребата на средствата остварени со работењето и покривањето на загубите,
- ги донесува одлуките за инвестиции,
- ги утврдува цените на производите и услугите,
- одлучува, односно дава согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места,
- го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените,
- одлучува за службени патувања на директорот,
- донесува деловник за работа,
- склучува колективни договори,
- донесува одлуки и мерки за заштита на животна средина,
- одлучува по жалби и приговори,
- утврдува начин за утврдување на основната плата и додатоците на плата на вработените во претпријатието,
- формира комисии и други помошни тела.,
- врши и други работи утврдени со закон, одлуките на основачот, овој статут и општите акти на претпријатието.

На актите од член 27 став 1, алинеи 1, 3, 5, 6, 7 и 10 согласност дава основачот.

Член 28

Управниот одбор полноправно работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Секој член на Управниот одбор има еден глас.

Работата и начинот на одлучување на Управниот одбор се уредува со деловникот за работа на Управниот одбор.

Член 29

Членовите на Управниот одбор во донесувањето на одлуките одговараат неограничено и солидарно.

Одговорноста на ченовите на Управниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва, кои се однесуваат на органите на управување.

**7.2. Директор**

Член 30

Орган на раководење на претпријатието е директорот.

Врз основа на јавен оглас, директорот на претпријатието го именува, односно разрешува Градоначалникот на град Скопје.

Мандатот на директорот трае 4 (четири) години.

Член 31

Директорот на претпријатието ги има следните права и обврски:

- го обезбедува спроведувањето на актите на Управниот одбор,
- учествува во спроведувања на основите на програмата за работа и развој,
- учествува во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата и употребата на средства остварени со работењето на претпријатието,
- врши усогласување на деловната активност на претпријатието,
- врши други извршни работи во врска со работата и работењето на претпријатието утврдени со овој статут,
- го застапува и претставува претпријатието,
- склучува договори,
- ги избира и разрешува раководните службеници во претпријатието,
- предлага донесување на акти од делокругот на Управниот одбор,
- поднесува извештаи до Управниот одбор и основачот за резултатите од работењето и годишна сметка на претпријатието,
- го спроведува извршувањето на плановите и договорните обврски и превзима мерки и активности за нивно остварување,
- донесува одлука за работно време на работниците и одмор во текот на работата,
- донесува правила за работен ред и дисциплина,
- донесува одлука за потребата за засновање работен однос, избор, унапредување, распоредување и престанок на работниот однос во согласност со закон,
- донесува упатства, наредби и други акти за извршување на работите од неговиот делокруг,
- обезбедува мерки за заштита на работниците и животната средина,
- формира комисии,
- донесува одлуки и мерки за заштита и унапредување на животната средина,
- се грижи за информирање на работниците,
- подготвува годишен план за вработување во претпријатието за следната година согласно закон,
- изрекува дисциплински мерки и донесува одлуки за надомест на материјална штета,
- донесува решенија за престанок на работен однос и суспендирање,
- утврдува вредност на бод на основната плата на вработените во претпријатието,
- донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работни места согласно закон,

- врши и други работи во согласност со закон, овој статут и другите акти на претпријатието.

Член 32

Директорот на претпријатието склучува договор со Градоначалникот на град Скопје за уредување на односите со претпријатието, во кој поединечно се утврдуваат правата, обврските и овластувањата согласно законот.

Директорот е одговорен за резултатите од своето работење пред Градоначалникот на град Скопје.

Директорот во извршувањето на одлуките одговара неограничено.

Одговорноста на директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва, кои се однесуваат на органите на управување.

Член 33

Директорот на претпријатието може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран:

- на негово барање,
- ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно закон,
- ако не работи и постапува според закон, овој статут и актите на претпријатието или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив,
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на претпријатието,
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа настанат нарушувања во вршење на дејноста од јавен интерес на претпријатието,
- ако секои шест месеци не доставува извештаи за работа на претпријатието,
- ако и по истек на рокот од шест месеци не ги отстрани недостатоците утврдени во извештаите за работа или во тој рок повторно има недостатоци или загуби во финансиското работење.

Член 34

До избор на нов директор, Градоначалникот на град Скопје именува вршител на должност директор на претпријатието, за период не подолг од шест месеци.

Член 35

Директорот може да определи вработен во претпријатието кој го заменува во негово отсуство или спреченост да ја врши функцијата, со права и обврски за кои ќе го овласти директорот, согласно законот и овој статут.

## 7.3. Надзорен одбор

Член 36

Орган за вршење на контрола на материјално – финансиското работење на претпријатието е Надзорниот одбор.

Одборот од став 1 на овој член задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на претпријатието и дава мислење на Управниот одбор.

Член 37

Надзорниот одбор е составен од 5 (пет) членови кои ги именува, односно разрешува основачот.

За член на Надзорниот одбор се именува лице со високо образование кое поседува знаење и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години .

Член 38

Надзорниот одбор својата работа ја врши согласно надлежностите утврдени во законот и овој статут.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

За резултатите од извршената контрола од член 36 став 1 на овој статут, надзорниот одбор писмено го известува Управниот одбор, основачот и Министерството за финансии.

Член 39

Членовите на надзорниот одбор во вршењето на своите надлежности одговараат неограничено и солидарно.

Одговорноста на членовите на надзорниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

## 8. РАКОВОДНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 40

Раководни службеници се службениците со посебни овластувања и одговорности.

Раководните службеници се избира и разрешуват во согласност со закон.

Член 41

Раководните службеници ја водат и организираат работата во рамките на добиените овластувања и ги спроведуваат налозите, упатствата и наредбите на директорот на претпријатието.

Раководните службеници се одговорни за резултатите и законитоста на работењето на секторот и самостојното одделение.

Условите за избор, овластувањата и одговорностите на раководните службеници, како и описот на работните обврски се утврдуваат со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за истематизација на работните места на претпријатието.

## 9. ПОМОШНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Член 42

За успешно функционирање и подобрување на работата на претпријатието, како и за остварување на одредени права, обврски и одговорности на вработените во претпријатието се формираат комисии и тоа:

- второстепена Комисија за работни односи и
- Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори во дисциплинска постапка и постапка за утврдена материјална одговорност.

Комисиите од став 1 на овој член ги формира Управниот одбор по предлог на директорот на претпријатието.

Надлежноста, начинот на работа и други прашања во врска со комисиите се уредуваат со општ акт на претпријатието во согласност со закон.

Член 43

По потреба може да се формираат постојани и повремени комисии и работни тела.

Комисиите од став 1 на овој член ги формира директорот на претпријатието.

Надлежноста, начинот на работа и други прашања во врска со комисиите и работните тела се уредуваат со општ акт на претпријатието.

## 10. ОПШТИ АКТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 44

Општи акти на претпријатието се :

1. Статут;
2. Правилник за внатрешна организација;
3. Правилник за систематизација на работни места;
4. Колективен договор;
5. Правилник за работен ред, дисциплина и надомест на штета;
6. Правилник за деловна тајна;
7. Правилник за заштита при работа и
8. Други акти во согласност со закон.

Општите акти мора да бидат во согласност со законските прописи и овој статут.

Општите акти влегуваат во сила со денот наведен во самиот акт, а доколку е потребна согласност од основачот, општиот акт ќе се применува по добивањето на согласноста.

Општите акти се објавуваат на огласната табла на претпријатието.

Член 45

Постапката за донесување, измена и/или дополнување на општите акти од член 44 на овој статут започнува со иницијатива на директорот или управниот одбор.

Основаноста на иницијативата од предходниот став на овој член ја цени директорот на претпријатието кој одлучува дали ќе се спроведе постапка за донесување, изменување и/или дополнување на определен општ акт.

## 11. РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

### 11.1. Имот и средства на претпријатието

Член 46

Имотот на претпријатието го сочинуваат сите објекти, средства, пари и права.

Претпријатието работи со жиро сметки во квантитет потребен за остварување на неговите функции.

Член 47

Средствата за работа на претпријатието се обезбедуваат од:

- сопствени приходи,
- буџетот на град Скопје,
- кредитни средства и други извори на средства согласно закон,
- донации.

Член 48

Претпријатието има обврска да доставува тримесечни извештаи до основачот кои содржат показатели за финансиското работење.

**11.2. Програма за работа и развој на Претпријатието.**

Член 49

За позитивно работење и развој на претпријатието, односно за обезбедување на континуирано вршење на дејноста, квалитетот на услугите и зголемување на успешноста во работењето, Управниот одбор донесува годишна Програма за работа и развој на претпријатието, на предлог на директорот.

Основачот дава согласност за годишната Програма за работа и развој на претпријатието.

За реализација на Програмата за работа и развој на претпријатието одговорен е директорот на претпријатието.

## 12. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Член 50

Претпријатието го остварува и развива системот на информирање на корисниците на услугите, како битна претпоставка за својата функција во вршењето на ЈГППП во град Скопје.

Актите што се од значење за корисниците на услугите на претпријатието се објавуваат во Службен гласник на град Скопје и веб страната на претпријатието.

Претпријатието е должно за својата работа и развојните програми редовно да ја информира јавноста преку средствата за јавно информирање и на друг соодветен начин.

Член 51

Претпријатието е должно редовно, навремено, целосно и вистинито да ги информира вработените за сите прашања кои се битни за работата и развојот на претпријатито, како и за остварување на нивните права.

Вработените во претпријатието се информираат преку веб страната на претпријатието, билтен, огласна табла и други форми на информирање.

## 13. ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 52

За деловна тајна се сметаат податоците што надлежен орган ги прогласил за деловна тајна и што како доверливи, претпријатието ги соопштило на надлежниот орган.

Податоците што се сметаат за деловна тајна можат да се соопштат на трети лица, само врз основа на одлука на управниот одбор на претпријатието.

Не се смета за повреда на деловна тајна, ако податоците или документите за деловна тајна се соопштат на органи, организации или лица на кои им се соопштува согласно законските прописи и на седница на управниот одбор, ако таквото соопштение е неопходно за вршење на дејноста.

Член 53

Податоците што претставуваат деловна тајна се чуваат одвоено од останатата документација на претпријатието.

Податоците што претставуваат деловна тајна, дозволено е да се користат од овластени лица само во просториите на претпријатието.

Повредата на деловна тајна претставува потешка повреда на службената должност, работната дисциплина и угледот на претпријатието и истото повлекува кривична и дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап.

## 14. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 54

Општите акти утврдени со овој статут ќе се усогласат и донесат во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој статут.

Член 55

До усогласувањето, односно донесувањето на општите акти од член 54 од овој статут, ќе се применуваат општите акти кои се во важност, доколку не се во спротивност со овој статут.

Член 56

Со денот на влегување во сила на овој статут престанува да важи Статутот бр.02-582/4 од 15.05.2016 година.

Член 57

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување на огласната табла на претпријатието, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Град Скопје.

Управен одбор на ЈСП „СКОПЈЕ“
Претседател

Борче Божиноски